20091092062

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 99 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/2007), член 79 став (2) од Законот за ветеринарно јавно здравство („Службен весник на Република Македонија" бр. 114/2007) и член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008 и 82/2008), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 24.08.2009 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ГРАНИЧНИТЕ ВЕТЕРИНАРНИ КОНТРОЛИ, ЗА СИТЕ АКТИВНОСТИ И СЛУЖБЕНИ КОНТРОЛИ ЗА ПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО, ХРАНА И ПРОИЗВОДИ ЗА ИСХРАНА НА ЖИВОТНИ КОИ СЕ СТАВААТ ВО ПРОМЕТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА И РЕГИСТРАЦИЈА НА ЖИВОТНИТЕ И ОДГЛЕДУВАЛИШТАТА И ИЗДАВАЊЕ НА СЕРТИФИКАТИ ЗА ЗДРАВСТВЕНА СОСТОЈБА НА ЖИВОТНИТЕ

1. Со оваа одлука се утврдува висината на надоместокот за граничните ветеринарни контроли на увозните или транзитните пратки на животни, производи, нус производи од животинско потекло, храна и производи за исхрана на животни, висината на надоместокот за сите активности и службени контроли за производи од животинско потекло, храна и производи за исхрана на животинско и се ставаат во промет во Република Македонија и висината на надоместокот за идентификација и регистрација на животните и одгледувалиштата и издавање на сертификати за здравствената состојба на животните.

2. Надоместоците од точка 1 на оваа одлука се дадени во Прилог 1, Прилог 2 и Прилог 3 кои се оставен дел на оваа одлука.

3. Доколку надлежниот орган врши неколку службени контроли истовремено кај ист оператор и објект, истите се сметаат за една активност и се наплатува единствен надоместок за тековниот месец.

4. Надоместоците од Прилог 1 на оваа одлука се зголемуваат за 50%, во случај кога службените контроли се извршуваат при претовар на пратките на ветеринарното инспекциско место на граничен премин.

5. Надоместоците од Прилог 2 на оваа одлука се зголемуваат за 100%, во случаи кога службените контроли се извршуваат во деновите на државни празници и неработните денови (сабота и недела).

6. Надоместоците од Прилог 3, точка 2 од оваа одлука се зголемуваат за 100%, во случаи кога животните се наменети за извоз, а службените контроли се извршуваат во деновите на државни празници и неработни денови (сабота и недела).

7. Во случаи кога има потреба од дополнителни службени контроли, надлежниот орган наплатува надоместоци за трошоците кои произлегуваат од дополнителните службени контроли во висина од 300 денари по работен час за секој вработен во надлежниот орган вклучен во дополнителните службени контроли.

8. Одредбите од Прилог 1 и од Прилог 3 точка 2 од ова Одлука ќе се применуваат од 1 јануари 2010 година.

9. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.19-3712/1
24 август 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

Прилог 1

Висина на надоместок за службените контроли при увоз и транзит на пратки со живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло, храна и производи за исхрана на животни

(1) Висината на надоместокот за службените контроли при увоз на пратка со месо, риби и производи од риба, производи и нуспроизводи од животинско потекло, храна и производи за исхрана на животни изнесува:

- 3.400 денари за пратка до шест тони, а за секоја натамошна започната тона уште по 550 денари до 46 тони;
- 25.800 денари за пратка над 46 тони.

(2) Висината на надоместокот за службените контроли при увоз на пратка со живи животни:

1) од видовите говеда, коњи, свињи, овци, кози, живина, зајаци, мала перната дивеч, низок копнен дивеч, копнени цицачи од видот диви свињи и сите видови на диви преживари, изнесува:
   - 3.400 денари за пратка до шест тони, а за секоја натамошна започната тона уште по 550 денари до 46 тони;
   - 25.800 денари за пратка над 46 тони.
2) од други видови изразен на увезено животно или тон, изнесува:
   - 3.400 денари за пратка до 46 тони;
   - 25.800 денари за пратка над 46 тони.
3) од видовите кучиња, мачки, мајмуни и други припитомени диви животни коишто припаѓаат на зоолошки градини и циркуси изразен на увезено животно или тон, изнесува:
   - 3.400 денари за пратка до 46 тони;
   - 25.800 денари за пратка над 46 тони.
4) од видовите кучиња, мачки, мајмуни и други припитомени диви животни изнесува 200 денари по животно.

(3) Висината на надоместокот за службените контроли при транзит на пратка со живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло, храна и производи за исхрана на животни низ Република Македонија, изнесува 1.850 денари за пратка, зголемено за 1.200 денари за секои 30 (триесет) минути за секој вработен во надлежниот орган вклучен во контролите.

**Прилог 2**

**Висина на надоместок за службените контроли во објекти за производство, преработка и дистрибуција на производи и нуспроизводи од животинско потекло, храна и производи за исхрана на животни**

(1) Висината на надоместокот за инспекција при колење на животни изнесува:

1) за месо од говеда:

- од говеда, 300 денари за животно;
- од телиња (стари до 6 месеци), 120 денари за животно.

2) за месо од еквиди и останати копитари, 180 денари за животно.

3) за месо од свињи:

- со тежина на труп помала од 25 кг, 30 денари за животно;
- со тежина на труп еднаква или поголема од 25 кг, 60 денари за животно.

4) за месо од овци или кози:

- со тежина на труп помала од 12 кг, 9 денари за животно;
- со тежина на труп еднаква или поголема од 12 кг, 15 денари за животно.

5) за месо од живина:

- домашна живина од родот Gallus и бисерка, 0.30 денари за животно;
- патки и гуски, 0.60 денари за животно;
- мисирки, 1.50 денари за животно.

6) за месо од домашен зајак, 0.30 денари за животно.

(2) Висината на надоместокот за службена контрола во објект за расекување на месо изнесува:

1) за месо од говеда, свињи, овци, кози и копитари/коњи, 120 денари за тон месо;

2) за месо од домашна живина и месо од домашен зајак, 90 денари за тон месо;

3) за месо од фармски одгледуван дивеч или друг дивеч и тоа од:

- мала перната дивеч и копнен дивеч, 90 денари за тон месо;
- ратити (ној, ему, нанду), 180 денари за тон месо;
- диви свињи и преживари, 120 денари за тон месо.

(3) Висината на надоместокот за службена контрола во објект за преработка на месо и производство на производи од месо изнесува:

1) за месо од говеда, свињи, овци, кози и копитари/коњи, 120 денари за тон месо;

2) за месо од домашна живина и месо од домашен зајак, 90 денари за тон месо;

(4) Висината на надоместокот за службени контроли во објекти за преработка на месо од дивеч и производство на производи од месо од дивеч изнесува:

1) за мала перната дивеч, 0.30 денари за животно;

2) за низок копнен дивеч, 0.60 денари за животно;

3) за ратити (ној, ему, нанду), 30 денари за животно;

4) за копнени цицачи и тоа од:

- дива свиња, 90 денари за животно;

- преживари, 30 денари за животно.

(5) Висината на надоместокот за службени контроли во објекти за производство на млеко и производи од млеко:

1) со производство до 5 тона, изнесува 120 денари по тон;
2) со производство до 30 тона, изнесува 60 денари по тон, а за секоја натамошна започната тона уште по 30 денари;

(6) Висината на надоместокот за службени контроли при производство и ставање во промет на риба, производи од риба и производи од аквакултура, изнесува:

1) при прво ставање во промет, 60 денари по тон за првите 50 тони во текот на месецот, а за секоја натамошна започната тона уште по 30 денари;

2) при прва продажба на пазарот, 30 денари по тон за првите 50 тони во текот на месецот, а за секоја натамошна започната тона уште по 15 денари;

3) при прва продажба на пазарот, во случај на недостаток или нецелосна градација на свежината и/или големината, 60 денари по тон за првите 50 тони во текот на месецот, а за секоја натамошна започната тона уште по 30 денари. Надоместокот за службена контрола при производство и ставање во промет на риба од видовите:

- харинга од подвидот *Clupea harengus;*
- сардини од подвидот *Sardina pilchardus;*
- атлантска скуша од подвидот *Scomber scombrus;*
- пацифичка скуша од подвидот *Scomber japonicus;*
- скуша од подвидовите *Trachurus spp;*
- анховија од подвидовите *Engraulis spp;*
- смарид од подвидот *Maena smaris;*
- спрат од подвидот *Sprattus sprattus.*

не треба да биде повеќе од 3.000 денари.

5) при преработка на риба и производи од риба, 30 денари за тон.

(7) Висината на надоместокот за службени контроли при производство и ставање во промет на полжави, жаби и нивни производи, изнесува:

1) за живи полжави, 250 денари за тон;
2) за месо од полжави, 900 денари за тон;
3) за производи од полжави, 600 денари за тон;
4) за живи жаби, 180 денари за тон;
5) за месо од жаби, 900 денари за тон.

(8) Висината на надоместокот за службени контроли во објекти за производство на јајца и производи од јајца, изнесува:

1) до 1000 јајца, 20 денари;
2) до 5000 јајца, 60 денари, а за секои понатамошно започнати 1000 јајца уште по 8 денари;

(9) Висината на надоместокот за службени контроли во објекти за производство на мед и производи од мед изнесува 300 денари за тон.

**Прилог 3**

**Висина на надоместок за идентификација и регистрација на животните и одгледувалиштата и издавање на сертификати за здравствена состојба на животните**

(1) Висината на надоместокот за идентификација и регистрација на животните и одгледувалиштата е во согласност со договорот меѓу МЗШВ и ветеринарните амбуланти, клиники или болници склучен врз основа на јавен конкурс согласно член 40 од Законот за ветеринарно здравство (Сл. Весник на РМ бр.113/07) и изнесува:

1. За животни од видот говеда:
- во 2009 година 25% од цените утврдени во договорот;
- во 2010 година 50% од цените утврдени во договорот;
- во 2011 година 75% од цените утврдени во договорот; и
- во 2012 година и натаму 100% од цените утврдени во договорот.

2. За животни од видот овци и кози:
- во 2011 година 25% од цените утврдени во договорот;
- во 2012 година 50% од цените утврдени во договорот;
- во 2013 година 75% од цените утврдени во договорот; и
- во 2014 година и натаму 100% од цените утврдени во договорот.

(2) Висината на надоместокот за утврдување на здравствениот статус на животните и за издавање на сертификат за здравствената состојба на животните изнесува:

| | |
|---|---|
| 1. говедо, бивол, коњ, магаре, мазга и мула | 150,00 денари; |
| 2. теле, биволче, ждребе и прле до старост од 6 месеци | 100,00 денари; |
| 3. свиња над 25 кг жива мера | 30,00 денари; |
| 4. свиња под 25 кг жива мера и прасе | 15,00 денари; |
| 5. овца и коза | 25,00 денари; |
| 6. јагне и јаре до 3 месеци старост | 10,00 денари; |
| 7. живина | 1,50 денари; |
| 8. пилиња до седумдневна возраст за 100 пилиња во пратка | 10,00 денари; |
| 9. ратити (ној, ему, нанду) | 80,00 денари; |
| 10. зајак питом | 10,00 денари; |
| 11. куче | 100,00 денари; |
| 12. мачка | 80,00 денари; |
| 13. риба (конзумна, подмладок и икра) за 1 кг. | 2,00 денари; |
| 14. пчели за 1 кошница | 15,00 денари; |
| 15. пчелна матица | 30,00 денари; |
| 16. полжави за 1 кг | 2,00 денари; |
| 17. дивеч | |
| - перната | 10,00 денари; |
| - ниска | 100,00 денари; |
| - висока | 150,00 денари. |